Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр 96/0306
26.02.20 20 год
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 21 февруари 2020 година, врз основа на примена жалба од министерот за внатрешни работи, Наќе Чулев, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

**Интернет – порталот „Фокус.мк“, со текстот насловен „Четворица полицајци под истрага за протекување на ПИМ мерки за „Поткуп“, го прекрши Кодексот на новинарите во членот 2.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија, на 7 февруари 2020 година, министерот за внатрешни работи во техничката Влада, Наќе Чулев, поднесе жалба за текстот со наслов „Четворица полицајци под истрага за протекување на ПИМ мерки за „Поткуп“, објавен на 6 февруари 2020 година, на интернет – порталот „Фокус.мк“ (www.fokus.mk).

Во жалбата се наведува дека текстот содржи неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето и незастапена втора страна.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со интернет – порталот „Фокус.мк“ и побара да се изјасни по однос на наводите на жалбата. Медиумот одговори на наводите на жалбата.

Од „Фокус“ велат дека оспорениот текст е во согласност со новинарските стандарди и дека оспорената информација дека четворица полицајци биле предмет на истрага била потврдена од Обвинителството за организиран криминал и корупција. Медиумот потенцира дека за потврда на информациите одговор побарале и од портпаролот на МВР, од Основното јавно обвинителство, како и од самиот министер, Наќе Чулев, за што, како што посочуваат од „Фокус“, поседувале и докази од испратени СМС пораки.

*„Бидејќи не добивме одговор од министерот Чулев, токму затоа, се оградуваме од првичната информација, односно велиме дека полицајците НАВОДНО се дел од тимот на Чулев, што на читателите јасно им дава до знаење дека оваа информација не е официјална. Пораката, со која баравме одговор од министерот Чулев, му ја испративме во 16.43 часот, а одговорот го добивме во 17.31, односно порака со содржина дека ставот му е објавен на фејсбук страницата“,* појаснуваат од интернет – порталот, потенцирајќи дека Фејсбук статусот на министерот веднаш го објавиле во целост.

Од „Фокус“, меѓу другото, наведуваат дека секогаш го почитуваат правилото на „втора страна“, но поради честата пракса да бидат одбивани за одговор не било возможно да се чека до недоглед во случаи кога веќе добиле потврда од надлежна институција.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и дека Кодексот на новинарите на Македонија е прекршен во членот 2.

***Член 2:*** *„Ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, тој има право за тоа да ја информира јавноста."*

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 21 февруари 2020 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина.

Комисијата, најнапред, утврди дека се работи за текст кој што пренесува информација за истрага покрената против високи полициски службеници во Министерството за внатрешни работи, кои наводно биле дел од тимот на техничкиот министер Наќе Чулев. Текстот, несомнено, произлегува од јавниот интерес, зашто државните функционери, во случајов, министерот за внатрешни работи, Чулев се легитимна новинарска цел и подлежат на силен јавен надзор.

Комисијата заклучи дека текстот на „Фокус" во најголем дел е професионален и етички. Авторот се повикува на извори од Обвинителството, опфаќа повеќе аспекти за темата и е содржински најпрецизен во однос на текстовите на останатите медиуми против кои министерот поднесе претставка во Советот за етика.

Сепак, Комисијата утврди дека медиумот имал обврска, но не обезбедил став и од Министерството за внатрешни работи или од самиот министер Чулев, чии соработници, како што наведува порталот, наводно биле под истрага.

Комисијата при одлучувањето го зеде предвид и тврдењето на „Фокус" во одговорот на жалбата дека навистина се обидел, но не успеал да добие став ниту од министерот, ниту од Министерството пред да ја објави информацијата. Комисијата смета дека, доколку било така, авторот требал и морал тоа јасно да го потенцира во текстот, со што новинарскиот производ ќе добиел целосна и објективна слика.

Во овој контекст, Комисијата најде дека во текстот е прекршен **членот 2** од Кодексот на новинарите, кој нагала дека ако новинарот е спречен да дојде до бараната информација, тој има право за тоа да ја информира јавноста. И тогаш кога власта не е должна да одговори, новинарот може и треба да ја информира јавноста дека не добил одговор на прашања за кои проценува дека се од јавен интерес и кога за тоа може да изложи релевантни аргументи.

Поаѓајќи од тоа, Комисијата ги повикува и јавните институции и функционери да бидат поотворени, потранспарентни и поажурни кога од нив се бараат информации од јавен карактер.

Во исто време, Комисијата потсетува дека, во согласност со Декларацијата за слободата на политичката дебата во медиумите, носителите на јавните функции и јавните институции прифатиле да бидат поставени под јавна критика за нивниот домен на работа. Новинарската слобода вклучува и искажување на гледишта до степен на претерување, дури и провокација, со цел да поттикне јавна дебата на конкретна тема.

Комисијата при одлучувањето го зеде предвид и фактот дека „Фокус“ го објавил демантот од министерот Чулев, со што авторот го заштитил сопствениот интегритет и интегритетот на медиумот во кој што работи.

* * *

**При своето одлучување, Комисијата ги зеде предвид и:**

***Пресудата на ЕСЧП Thoma Vs. Luxemburg 2001, 5, каде што се вели:**

„Медиумите имаат суштинска улога во демократското општество. Иако не смеат да пречекорат одредени граници, особено во однос на угледот и правата на другите, сепак, должност на медиумите е да пренесуваат на начин што е доследен на нивните обврски и одговорности – информации и идеи за сите прашања од јавен интерес. Не само што медиумите имаат задача да пренесуваат такви информации и идеи, туку јавноста има право да ги прима. Кога би било поинаку, медиумите не би биле во можност да ја играат својата важна улога на „чувар на јавноста“.

*** Член 4 од Декларацијата за слобода на политичката расправа во медиумите** (Комитет на министрите на 872 состанок од 12.12.2014) каде се вели:

„Функционерите мора да го прифатат фактот дека се, особено преку медиумите, подложни на јавен надзор и критика за начинот на кој ги обавувале или ги обавуваат своите функциии, ако тоа е потребно за обезбедување транспарентност и одговорно вршење на нивните функции.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Ердем Ахмет.

**Се обврзува интернет - порталот „Фокус“ (www.fokus.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објави оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595